AE. 250/1-18

фонд Б. Русиќ

# ОБИЧАИТЕ И НОСИЈАТА ВО СЕЛО СЛИВНИЦА НА ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО

Белевски Славко

Ракопис автограф; с.Сливница; 18 листови од кои 7 испишани со сино мастило ( првиот и третиот до осмиот лист).

250/1

Семинар

на

Белевски

Славко

250/3

Обичаите и носијата во село Сливница на Преспанско езеро.

Селото Сливница се наоѓа на западната падина на пл. Пелистер во близината на Преспанско езеро, или поточно на еден километар далечина од познатото летувалиште Претор. Ако прашате некој стар човек каде се наоѓа Сливница, ќе ви рече, едно цигаре пушење од Претор (што значи ако тргнеш од Претор и запалиш цигара ќе стигнеш во Сливница кога ќе ја допушиш цигарата.)

Према излагањето на Коте Стојанов стар 86 год

Сливница долго време
била под грчка власт така
да месното население многу
обичаи и носија задржале и
после ослободувањето од гр
чка власт. Према неговото из
ложување селото се ослобо
дило од грчка пред околу
седумдесет години
Сливничани служат повеќе
празници, еден од поголемите
празникот е мала богородица.
На тој ден се береле во
Сливница од селаните од
сите околни села, кај мана
стирот кој се наоѓа над
селото. На тој ден манасти
рот добивал приход од
200 – 300 наполеони дневно а

празникот траел три
дена. Селаните преку целата
ноќ се береле во мана
стирот и му служеа со летур
ги на поповите дури на
ручек другиот ден се враќа
ле дома.
Во јужната страна на ма
настирот во една визба се
наоѓала бочва од осумдесет
товари грозје, која се знае
да 1 товар има 80 ока или 8000 кг
вино и цело това вино се тро
шело за празникот.
Повеќе свирачи на разни стр
ани од манастирот свирале а
народот се веселел.
Но пред околу шеесет години до
шле арамии и го опљачкале

манастирот, така да ошто
гаш луѓето поретко оделе на
манастир. Интересно е да се
напомене дека арамиите се со
брале во Долно Дупени и при
делењето на парите се скара
ле помеѓу себе и се истепа
ле.
Од другите празници, Бречис
та се славеле во сечка те
февруари но не се береле
и не било толку весело
како за мала богородица (та
наѓур?)
Света Петка исто така се
славела од вечерта први
от ден до ручек вториот
ден.
За водици пак го земале

крстот од црквата и го
фрлале во езерото. Попот
ги прашувал луѓето колку да
ваш за овој светец а тие
со ред одговарале (една врста ли-
цитација) една ока масло, други
давале пари, така за кој ќе
дадел повеќе тој ќе го земел,
ќе го извичел е ќе му го врател
на попот, а тој пак го фрлал
во вода. Кој што ќе го фател
му барал на попот пари а
потоа одел по куќи ги прскал
куќите со вода а домаќини
те му давале пари, масло и др.
На секој религиозен празник
луѓето се береле околу црквата
та и викале господи да врне
дожд а пак поповите пееле

АРХИВ

во црквата.
На Ѓурѓовден се береле кај
дабот између синорот Крањ
ски и Сливнички и тамо
се веселеле.
За свадби си имат стари
навики. Бекарите праќале
стројници кај девојката која
ја сакале. Чим се согласеле
родителите ќе им даделе збор
на стројниците. После дадени
от збор родителите и строј
никот оделе кај невестата
со китка цвеќе и шамивче,
невестата ќе им бацела ра
ка на стројниците. Другиот
ден после свршувачката
оделе жени роднини на зетот
на виѓување кај невестата

и им давале благиња.
По свршувачката се вршело
попа венчание. Свадбата тре
ела три дена. Првиот ден ја
земале невестата, Вториот
ден се носела невестата на
вода, се кавало маса со шеќе
ри а селаните и давале кав
тици, вино, ракија, пари. Која
невестата полнела вода де
цата и ја мотеле водата
и фрлале песок во стомни
те. Третиот ден се канат
гости од кај невестата
да дојдат кај зетот. За
првото пеење по куќите
се носат питалиња (питулици)
каде што имало деца во
куќите им се давало на

секое дете по едно пушале
а каде што немало деца ни
се давало само едно пушале.

Од носијата мажите
ги носеле следните алишта:
памбучна кошула со долги и
широки ракави, долга до над
колениците, над кошулата ѓа
мадан ткаен од волна сличен на
денешното ѓелето, над ѓамад
нот носеле ќурдија исто
така ткаена долга до под
колениците. Над ќурдијата носе
ле ресачка ракавите му би
ле сошиени позади, реса
чката била два прсти по
куса од ќурдијата.
Младите носеле бел ѓама
дан шарен со оптоки.

ќурдијата била везена
исто со оптоки. Во прво
време носеле бели а по
касно црни ѓамадани.
На главата носеле фес
турски и црвен и бел.
Пантолоните му били вол
нени и прави, носеле долги
гаќи памбучни. Под кошула
носеле волнена фанела.
Шарени волнени чорапи,
обоени крпи волнени како
ленти си ги завивале но
зете до потколеници, Генин
ски чевли со букли.

Према излагањето на
Јована Стојановска стара 90 год.
жените носеле следни носија:
кошула, шеган (шајак) бел везен

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА АРХИВ

шарен со свитка везен со
црвен ручумен, црна ресач
ка шарена со реси сви
тки. На (косата) главата
врзувале шкейи со јади
ца се закачувала на реса
чката. Младите носеле
(Дулбен. бела шамија) везан
со ширит. Над ресачката
носеле кусаче (слично на
џамадан) волнено црно со
лисичина кожа, на градите
носеле многу пари. На уши
те носеле обетки, тие би
ле поврзани со синџирче и
се ставало околу гуша
Над ресачката се носело
чултари долу со реси
што така се носело и

под ресачката. Преку поло
вина носеле појас широк
како лента црвен. Џулиџи
се ставувале на појасот.
Чорапи со пет преди
преди во бои, чорапите
биле шарени со влеш
ки шар во бои.

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
АРХИВ

Чевли стар тип обично
црвени само за празник
а обично се носеле опи
нци со опчолници (врвци)
до потколеници
На градите невестите клаве
ле рачи со пари. Скопеу со
синџирче нареден со пари
закачен на градите од
двете страни.
Павта (тока) голема со

копци се ставувале по две
од напред
Која дошле турците во
Сливница дел од ношја
та уништиле.